УДК 821.163.3-93(049.3)

**Марија Марковска**

# НОВОТО ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА
## (Експозе од одбранет магистерски труд)

Книжевноста за деца, нејзините импозантни и интригантни дела, со наизглед наивна тематика за розевиот и невин, фантастичен детски свет, како и моралните поуки што се неодделив дел од приказната, е предмет на интерес кај македонската писателска сцена, но и кај детската читателска публика. Авторите што беа дел од истражувањето за овој магистерски труд, „Новото во македонската книжевност за деца", пишувале под 'полна пареа'. Обидувајќи се да ја разбудат подзаборавената книжевност наменета за најмладите, Андова-Шопова, Георгиева, Голејшка Џикова, Костадиновска, Малеска, Мартиновски, Ќорвезироска и Црвенковска напишале приказни што го забавуваат, пренесуваат поука и создаваат искуство кај детето-читател. Тргнувајќи од фактот дека суштински и значаен елемент во процесот на растење и на развој на детето е непресушниот извор на книжевноста за деца – сказната, посочените автори повремено се навраќаат (директно или индиректно) на делата на своите претходници, како што се Ванчо Николески, Васил Куновски, Славко Јанески, Оливера Николова, Видое Подгорец и др., притоа не заборавајќи ги и големците Шарл Перо, браќата Грим и Ханс Кристијан Андерсен.

Потребата за подлабоки анализи и истражувања во областа на македонската книжевност за деца и млади, на новите дела на овие автори, како и на улогата на книжевноста за деца во развојот на детето-читател, беа цел и стремеж на ова истражување.

Истражувањето се водеше во правец на обработка на секое од наведените дванаесет дела, па така, од „Кртот Ѕвездан", „Приказна за Ото, Ото и Ото", „Лисичката-плетачка", „Лепчето што расте", „Вистинска

приказна за двете соседни кралства“, „Волшебните прегратки“, „Арно ама“, „Шах со Бах“, „Хор во задниот двор“, „Кифличката Мирна“, „Мојот брат од тринаесетиот кат“ и „Супервештерката, мачката и шесте волшебни колачиња“ се роди една анализа за новото во македонската книжевност за деца, за новите теми и ликови, за нови автори во сегашната современа книжевност за деца и за тоа како тие придонеле за нејзиното развивање.

Доколку се земе предвид поделбата на книжевноста за деца според возраста на детето-читател, магистерскиот труд започнува со приказни, каде што главни ликови се животните и тематика што е интересна и наменета за најмладите. „Кртот Ѕвездан“, „Приказна за Ото, Ото и Ото“, „Лисичката-плетачка“, „Лепчето што расте“ се приказни што го примамуваат детското срце. Ликот на животното, особено животното што има способност да говори, е централен лик во книжевноста за деца. Во овие приказни е застапена постапката на Ханс Кристијан Андерсен, кој им подарува способност на животните, растенијата и предметите да бидат оживеани. Па така, овие животни размислуваат, говорат, се смеат и тагуваат исто како и детето-читател. На пример, во „Лисичката-плетачка“ животните чувствуваат студ и загриженост за зимата, Лисичката умее да зборува и да плете, кртот Ѕвездан успева да ја пронајде долго бараната Светлината во песната, музиката, играта, во секојдневието, во неговата љубена Сенка, но, пред сè, во себеси, а Ото, Ото и Ото ја осознаваат различноста и секој од нив го пронаоѓа своето ЈАС.

Понатаму следат „Шах со Бах“ и „Хор во задниот двор“, чија поезија е опеана преку гласот на музикалните животни кои пејат за нивните пасии и одиграна преку нивниот танц. Раѓањето на стихот на Мартиновски *настанува од сенешто и од ништо. Што окото или увото ќе виде или чуе, се претвора во песна.* (Идризовиќ, 1988: 217) Ритамот, мелодичноста и едноставноста се карактеристични за поезијата на Мартиновски, па така, детето-читател навлегува во светот на поезијата, се идентификува со неговите жители и ги осознава тајните на музиката преку пишаниот збор, при што се создава една топла атмосфера од која се учи, но и во која се ужива.

Следниот дел е наменет за приказни за повозрасни деца, кои се интересираат за подлабоки прашања од областа на развитокот на човекот, за тоа дали мора да се порасне и да се биде дел од светот на возрасните, за одговорноста и авторитетот, за етичко-моралните вредности и начела во општеството, но и за секојдневието и детската игра, како неизбежен елемент од детството. Па така, преминот од детството кон светот на возрасните го претставуваат ликовите на Мирна и Војдан, на Хана и Фран,

на Ведран и Мила, како и ликовите на Дамјан и Илина и нивната дружина. Нивните авантури и истражувања се проследени и со гласот на возрасниот, односно со гласовите на Мама и Тато, на родителите на Дамјан и на Илина, на Лошотилук и Нина, како и со оние на Чичко Продавач и госпоѓа Злоба. Приказните се одвиваат преку лесен и едноставен пристап кон детето-читател, така што тоа ќе биде водено во приказната како еден од главните учесници во дејството, ќе може да учи и да игра со нив, да сочувствува и да размислува, пред сè, да порасне со нив. Детската игра и фантазија се изразени преку авантурите на зелената вештерка Елена и волшебникот Павел преку кои детето-читател патува низ светот на фантастичното и волшебното.

Истражувањето го потврди одговорот за тоа во кој правец се движи македонската книжевност за деца, односно авторите создале приказни кои се примамливи за детето-читател, ликови со кои тоа може да се идентификува и дејства што се забавни и поучни. Приказните, ликовите и дејствата, како и начинот и стилот на секој од авторите го отворија прашањето: дали навистина има нешто ново во македонската книжевност за деца или тематиката на приказните е повторлива? Во приказните се опфатени елементи што се застапени во делата на нивните претходници, но се појавуваат и новости што создаваат интерес кај детето-читател. На пример, Ана Голејшка Џикова ги зема за централни ликови лисицата и лепчето, што се дел од традиционалните јунаци во македонската книжевност за деца, додека, како новитет се појавуваат опасните пирани во приказната на Марија Костадиновска, волшебните колачиња во приказната на Билјана Црвенковска, музикалните животни кај Владимир Мартиновски итн. Но, тоа не алудира на ликови кои би му биле здодевни, неинтересни на детето-читател. Напротив, Лисичката во делото „Лисичката-плетачка" е лик кој и претходно бил застапен низ приказните, но тука оваа лисица има свое сопствено име (Лисичка), таа не е крадливка, туку плетачка на шалови, капи, ракавици, Лисичката не ги надитрува животните во шумата, напротив, таа е добродушна, им помага, се грижи за студената зима, бувчињата Ото, Ото и Ото не се прикажани како мудри, туку како пронаоѓачи на сопственото Јас, или, кртчето Ѕвездан, кој не е штетник во нечија градина, туку авантурист што трага по Светлината. Оттука, се доаѓа до заклучокот дека авторите ја црпат својата инспирација од секојдневието на денешното дете, од оваа 'нова' сегашност, при што внесуваат нови елементи (ликови, дејства, начин и стил на пишување итн.), кои раѓаат интерес кај детето-читател. Тие го акцентираат психолошкиот профил на ликот, така што се создава ефект на препознавање со цел јунакот да биде

поблизок до детето-читател. Детето-читател најдобро може да се идентификува и препознае во детето-лик и во неговите секојдневни обврски, настани, проблеми и чувства. На пример, Мирна се радува на пиењето кафе со сосетката Оливера, но и лута е кога треба да пишува состави по предметот Македонски јазик, или, Дамјан е тажен кога се запишува во новото училиште, но и возбуден кога патува со своето семејство, Ведран е несреќен затоа што Мила е тажна и повредена итн.

Шарениот слободен свет на детето станува свет и на писателот. Набљудувајќи го детето и неговиот свет, писателот создава приказна каде што детето-читател ќе биде дел од главните ликови на приказната, дејствата ги гради врз основа на детската смеа и радост, но и низ неговата тага и лутина. Пишувајќи за детето-читател, авторот се обидува да биде набљудувач, раскажувач, родител, учител, но и дете.

„Добрата литература за деца става акцент токму на чувствителното и карактерното растење и созревање. Таа, незабележително, лесно, го пренесува читателот од брегот на детството до брегот на возрасните. Во тоа лежи нејзината порака – да му се помогне на малиот човек во сложениот процес на себеспознавањето и да му се покаже дека во тој процес тој не е сам (Мојсова-Чепишевска, 2019:143). Токму поради блискоста на тематиката на приказната или на онаа со ликот, детето-читател успешно ги продлабочува своите знаења, мисли и чувства, преку кои се воочува неговото созревање, односно чекорење кон *брегот на возрасните*.

**Библиографија:**

Идризовиќ, М. (1988) *Македонската литература за деца*, Скопје: Наша книга. Мојсова-Чепишевска, В. (2019) *Клуч во клучалката на детството*, Скопје: Матица македонска.

**Marija Markovska**

## THE NEWEST IN THE MACEDONIAN CHILDREN'S LITERATURE

*Summary*

The paper displays the newest Macedonian literature for children. It consists of story's and character's analyses, their mutual connectivity and character-child relationship. It makes a parallel between the traditional and modern approach of children's story writing and ventures throughout the thematic and motives from which they are led. The main goal of this research is to signify the impact that the authors had on children's literature and on the development of the child-reader.

**Keywords**: children literature, modern, latest, Macedonian literature for children

**Клучни зборови:** детска литература, модерна, најнова, македонска литература за деца